PRIMA AMBASCIATA
DI BAMBINI NEL MONDO
M E G A S C I - MACEDONIA
Primera embajada de los niños en el mundo,
Megjashi, Macedonia
FIRST CHILDREN'S EMBASSY
IN THE WORLD
M E G J A S H I - MACEDONIA
our hard currency account at
Stopanska banka a.d.Skopje, MK
Acc. SWIFT STOB MK2X
ID 1066179

17 МЕЃАШИ
1992-2009
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА
НИЕ СМЕ ИДНИНАТА

PREMIERE AMBASSADE DES ENFANTS
DANS LE MONDE - M E G J A S H I
MACEDONIA
ERSTE KINDERBOTSCHAFT
IN DER WELT - M E G J A S H I
MAZEDONIEN
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА
ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ
МАКЕДОНИЈА
ж/с 200000010722372
ед. дан. бр. 4030995179890
депонент: Стопанска банка а.д. Скопје.
Матичен број 4377249

До
- Г-дин Ивица Коневски - Градоначалник на општина Аеродром
- Г-дин Неждет Мустафа - Министер без ресор
- Меѓуопштински центар за социјални работи

Прва детска амбасада во све
Меѓаши
Република Македонија
Бр. 03-3069-01/04
02 09 2009 год.
СКОПЈЕ

**Предмет**: барање за институционално сместување

Почитувани,

Вчера на околу 15 семејства од ромска националност кои живеат на локацијата кај мостот Близнак (т.н. Дупките) им било најавено дека ќе бидат отстранети нивните живеалишта од страна на општина Аеродром.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши, Република Македонија се обраќа со барање семејствата да бидат институционално згрижени пред да се отстранат нивните сегашни живеалишта.

Во 2005 година Министерството за труд и социјалан политика донесе Стратегија за Ромите во Македонија во која една од целите е и подобрување на условите за домување преку инклузија во урбаните планови на населбите и избегнување на гетоизација. Обврска на државата е избегнување на насилно иселување или други мерки кои предизвикуваат бездомништво. Во случаите кога иселувањето е неопходно, тоа треба да биде амортизирано со други помошни мерки: примена на легални гаранции за заштита на правата, како и постоење на избор на други алтернативни сместувања. При извршување на постапката да им остави записник како доказ дека нивните живеалишта се отстранети поради остварување на социјални права.

Со постојано рушење на овие живеалишта се оневозможува правилен развој на децата и им се скратуваат многу права. Сметаме дека со сместување во некоја од институциите на овие деца (на пример во Чичино село) ќе им се овозможат барем основни егзистенцијални услови за живеење.

Со почит,

М-р Драги Змијанац
Извршен директор и основач